6 ОДДЕЛЕНИЕ



АПЛИКАТИВЕН СОФТВЕР И БЕЗБЕДНОСТ

Информатика

НАСТАВНИК: ЛЕОНИД КРСТЕВСКИ

ШТО БЕШЕ ОПЕРАТИВЕН СИСТЕМ?

- **Оперативниот систем е главниот софтвер на компјутерот.**



ШТО Е АПЛИКАТИВЕН СОФТВЕР?

- **Апликативен софтвер е софтвер кој му помага на корисникот да изврши одредена задача.**

Примери:

📝 Word — пишување

🎨 Paint — цртање

🌐 Chrome — интернет

📊 Excel — пресметки





КАКО СЕ ДЕЛИ СОФТВЕРОТ?

Според неговата намена, софтверот се дели на:

1. Системски софтвер

Му помага на компјутерот да работи правилно и ги поврзува корисникот, програмите и хардверот.

Пример: Windows, Linux, Android

Апликативен софтвер:

Програми што ги користиме за да извршуваме конкретни задачи.

Пример: Paint, Calculator, Chrome



Запамти:

Софтверот според намена може да биде системски и апликативен.

ШТО Е ЛИЦЕНЦА?

Лиценца е **дозвола** и **правила** за користење на одреден софтвер.



НЕКОИ ПРОГРАМИ:



Се бесплатни



Се плаќаат



Може да се користат пробно

ЗОШТО Е ВАЖНА ЛИЦЕНЦАТА?

Лиценцата е важна за да знаеме дали софтверот смееме **легално** да го користиме, **копираме** и **споделуваме**.



ЗАШТИТНИ ПРОГРАМИ

Заштитна програма е **софтвер** кој помага да го заштитиме компјутерот од **закани**.



Пример: **АНТИВИРУС**

Може да:

- 🔍 проверува датотеки
- ⚠️ открива сомнителни програми
- 🛡️ предупредува за закани



Најава

Најава е пристапување до корисничка сметка.

Најчесто користиме:

- корисничко име
- лозинка или PIN



Прашање:
„Зошто различни ученици или корисници може да имаат различни сметки?“



Ученик 1
сметка: u1



Ученик 2
сметка: u2



Ученик 3
сметка: u3



Ученик 4
сметка: u4

Одјава

Одјава е напуштање на корисничката сметка без исклучување на компјутерот.



Одјава
(Sign out)

Важно:
Одјава ≠ исклучување

Ако друг ученик треба да го користи истиот компјутер:

→ **Sign out / Одјава**

Подготви го компјутерот за следниот корисник!

ПРАВИЛНО ИСКЛУЧУВАЊЕ

Shut down

→ го исклучува компјутерот.



Restart

→ го исклучува и повторно го вклучува.



Sign out

→ го одјавува корисникот.



Важно за тест:

- **Shut down** = исклучување
- **Restart** = повторно стартување
- **Sign out** = одјава



ПРАКТИЧНА ЗАДАЧА

Пронајди 3 апликации.

Кажи за што служи секоја.

Пронајди каде се:

Shut down
Restart
Sign out

Не ги избирај додека наставникот не каже!





КВИЗ



6. одделение

1 Што е апликативен софтвер?

- A Физички дел
- B Софтвер за конкретни задачи
- C Меморија

2 Windows е:

- A Системски софтвер
- B Апликативен софтвер

3 Paint е:

- A Оперативен систем
- B Апликативен софтвер

4 Што е лиценца?

- A Дозвола и правила за користење софтвер
- B Вид папка
- C Влезен уред

5 Антивирус е:

- A Хардвер
- B Заштитна програма
- C Меморија



